# ЗАПИСНИК
## од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 22.06.2020 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** д-р Методија Јанчески

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, м-р Горјан Шеќеринов.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 24-та Седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски информира дека г-дин Јанчески нема да биде присутен на седницата бидејќи претходната недела почина неговата мајка а неговиот татко е во болница. Во таа насока рече дека е сосема разбирливо што е отсутен од седницата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за“ го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 23-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 19.06.2020 година.
2. Предлог-одлука за ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за 2020-та година.
3. Разно

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа предложениот записник од 23-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 19.06.2020 година.

Г-дин Фетаи рече дека има забелешка на страна 5 од неговата дискусија во реченицата „Се мотивираа од таа седница на ДИК каде што еден член до крај инсистираше да ги информираме..“ Објасни дека на овој начин неговата дискусија ја губи суштината на неговото излагање и не треба да стои „да ги информираме“ туку „да ги информираат“ и ќе гласи „Се мотивираа од таа седница на ДИК каде што еден член од ДИК до крај инсистираше да ги информираат партиите и да се консултираат со политичките партии“. Појасни дека ДИК инсистираше да се разговара со политичките партии за Методологијата на Агенцијата па

потоа да се договорат да ја изменат. Заотоа не треба да стои „да ги информираме“ бидејќи Советот беше изземен туку „да ги информираат партиите“ бидејќи ДИК инсистираше да има дебата со политичките партии за да видат како да ја решат оваа условно кажано неправда.

Советот со корекцијата од г-дин Фетаи едногласно го усвои Записникот од 23-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 19.06.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за ребаланс на финансискиот план на Агенцијата за 2020 година. Објасни дека се работи за мала измена со која од ставката за плати се префрлаат средства потребни за исплаќање на надоместоци на членовите на Советот на ставката - исплата на надоместоци. Финансикиот план на Агенцијата не се зголемува и ќе остане на претходно утврдено ниво. Посочи дека во доставениот материјал детално е наведено од кои ставки се обезбедуваат потребните финансиските средства односно од кои позиции се извршува измената.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година.

Со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2020-та година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврдено ниво, односно ќе изнесуваат 243.132.275,00 денари.

Со измените ќе се обезбедат средства во износ од 5.000.000,00 денари, наменети за исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата за период од 6 месеци во 2020 година.

Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр. 02-2603/3**
**24.06.2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**